~TIR Конвенција~

TIR конвенцијата е меѓународна конвенција со која се регулира меѓународниот патен превоз на стока врз основа на карнетот TIR, и која овозможува олеснето движење на стоката под царински надзор во меѓународната трговија при истовремено обезбеден меѓународен гарантен ланец.

Транзитниот систем TIR прв пат е воспоставен во 1959 година во Женева, под покровителство на Обединетите нации. Денес важечката и дополнета и модифицирана Конвенција за меѓународниот превоз на стока врз основа на карнетот TIR стапила во сила во 1975.година.

Постојат пет основни принципи врз кои е заснован TIR системот:

1. сигурни возила или контејнери со кои се превезува стоката;
2. меѓународно прифатен гарантен ланец врз основа на меѓународно признаени гаранции;
3. TIR карнет, како меѓународен царински документ;
4. меѓународно прифатена царинска контрола во транзитните земји и
5. контролиран пристап за превозниците, односно носителите на TIR системот.